**П Р О Г Р А М А**
**ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО**
**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ЗА 2014 ГОДИНА**

Социјалната заштита е систем на мерки и активности и политика за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои е изложен граѓанинот во текот на животот,за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост и за јакнење на неговиот капацитет за сопствена заштита. Всушност во член 1 од Уставот на Република Македонија помеѓу другото е наведено дека РМ е социјална држава со што на системот на социјална сигурност и е дадено високо место во системот на државните вредности.Од тука произлегува дека основни носители на социјалната заштита е државата преку МТСП,Локалната Самоуправа,невладиниот сектор и приватниот сектор.
Надлежноста на Општината да ги врши работите од Социјалната заштита е определена во член 11 во Законот за Социјална заштита каде општините се задолжени да обезбедат спроведување на социјалната заштита,донесување на програма за потребите на граѓаните,а со Законот за Локална Самоуправа(Сл.весник на РМ БР.5 ОД 20.01.2002 година) во член 22 во листата на надлежности во став 7 за Социјалната заштита и детска заштита.

Во реализацијата на Програмските активности се земаат во предвид и другите законски прописи со кои се регулира областа на социјална заштита,програмите,националните стратегии што ги донесува Владата на РМ и МТСП.
Секако дека се земаат во предвид и програмите за работа на ЈУ МЦСР Крива Паланка,Здраствениот на дом Крива Паланка,НВО и други во кој Локалната Самоуправа партиципира во извршувањето на зацртаните цели и активности.

**Основните ризици подразбираат:**
-ризици по здравјето (болест,повреди и инвалидност)
-ризици од стареење(старост и преживување)
-ризици од мајчинство и семејство
-ризици од невработеност и професионална неадаптираност
-ризици од неадаптираност кон социјалната средина

**Согласно со горенаведените ризици општината обезбедува социјална заштита на следните категории на лица:**
-лица со телесна попреченост
-деца без родители и родителска грижа
-деца и лица со пречки во менталниот развој
-деца на улица
-деца со воспитно социјални проблеми
-деца од еднородителски семејства
-лица изложени на социјален ризик
-лица засегнати со дрога,алхохол
-лица жртви на семејно насилство
-лица жртви на трговија со луѓе
-стари лица без семејна грижа

На наведените категории на граѓани кои се наоѓаат во исклучително тешка материјална и друга состојба ,ќе им бидат обезбедени материјални услуги,услуги од вонинституционални облици на социјална заштита
и спроведување на кампањи за подигнување на свеста кај населението за потребите од обезбедување на социјална заштита на одредена популација на луѓе.

**А) Лица-семејства материјално необезбедени**

Во оваа категорија ќе бидат опфатени лица,семејства кои се материјално не обезбедени,лица кои се за работа неспособни,лица кои имаат потреба за задоволување на основните животни потреби(здраство,облека,обувки,смртен на член од семејството ако тоа право неможе да се оствари по друг основ,подобрување на условите за живеење,помош во случај на елементарни непогоди(пожар,поплава,градобијност,))
Висината на надоместокот зависно од потребата ја определува комисијата,а надоместокот е во парични средства или помош во натура.

**Б) Остварување на социјална заштита на деца-лица со посебни потреби:**

Во оваа категорија на лица ќе се работи на:
-утврдување на регистрирани лица со интелектуална и телесна попреченост и изготвување на социјална карта за видот,потребата и локалитетот на алтернативната мерка на социјална заштита.

-вклучување на лицата  со интелектуална и телесна попреченост во предучилишната установа,во основното и средното образование
-обезнедување на превоз на лицата со посебни потреби
-олеснување на движењето и физичка комуникација за лицата со телесна попреченост-рушење на бариери.
-подобрување на условите на живеење
-изготвување на локален акционен план за унапредување на положбата на лицата со попреченост во општина Крива Паланка
-Формирање на координативно тело за ефективно имплементирање на локален акционен план

**В) Општината вклучува услуги на ранливите групи:**

-Поддршка на Дневниот Центар за лица со посебни потреби со интелектуална и телесна попреченост,
-згрижување на бездомни лица
-формирање на дневни центри за душевно болни лица во ремисија
,-промовирање на волонтерство во извршување на хумани активности
-формирање на мали групни домови за лица со интелектуална и телесна попреченост
-мал групен дом за стари и изнемоштени лица без семејна грижа во рурални средини
-Опфат на група граѓани кои се под социјален ризик за користење на народна кујна
-формирање и функционирање  на сервисни служби за домашна нега и помош на стари и изнемоштени лица во градски и рурални средини
-малолтничка деликвенција во ризик за прекршочни  или кривични дела со цел за активирање на малолетничката деликвенција во согласност со Законот за малолетничка правда ќе се организираат трибини во основните и средните  училишта,трибини за функционирањето на семејството бидејќи во последно време семејството ја губи својата функција

**Семејно Насилство**

Преку советот за превенција ќе се организираат предавања за основните и средните училишта заради препознавање на семјното насилство посебно кај помалите деца.

**Социјално партнерство**

Во извршувањето  на зацртаните цели и активности во Програмата  ќе бидат вклучени институции кои третираат  иста или слична проблематика, со што ќе се исклучи парцијалното делување,а ќе се постигне целосно третирање на проблематиката, групирање на средствата. Општината ќе биде  главен носител на програмата, како координатор на активностите за исполнување на поставените цели.

**Финансирање**

Средствата потребни за реализирање на програмата  ќе се обезбедат  од Буџетот на Општина Крива Паланка,средствата ОД Министерството за труд и социјална политика,заинтересираните партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство,грантови од организации, здруженија,амбасади и други, а учеството на партнерите ќе биде определувано при изготвувањето на проектите.

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Градоначалникот на Општина Крива Паланка се грижи за обезбедување на оваа Програма за Социјална заштита.
Комисијата за социјална и детска заштита ја спроведува и го следи спроведувањето на програмата, покренува иницијатива, дава мислење и дава предлози во врска со остварување на предвидените активности и зацртаните цели.

**Бр.07-3441/23**
**10.12.2013 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на Општина Крива Паланка**
**Претседател**
**М-р.Борче Стојчевски**

**Акционен план за реализација на Програмата за социјална заштита за 2014 година. Програмата ќе се реализира во текот на 2014 година со следната динамика, потребните средства и начинот на обезбедување на истата**

| Р.бр | Активност | Рок | Носител | Обезбедување на средства МТСП | Општина | Донац. | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Помош на ранливи групи | 12 м | Општина | | | | | |
| | | | | | 100.000 | | | |
| | -ЕПП | | | | 30.000 | | | 30.000 |
| | -елементарни непогоди | | | | 60.000 | | | 60.000 |
| | -подобрување на условите за живеење | | | | 60.000 | | | 60.000 |
| 2. | Лица со посебни потреби | 12 м | Општина | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | -социјална карта | | | | | 30.000 | | 30.000 |
| | -бариери | | | | 20.000 | | | 20.000 |
| | Подобрување наусловите за живот | | | | 30.000 | | | 30.000 |
| | посета на семејства и установи | | | | 20.000 | | | 20.000 |
| 3. | Услуги на ранливи групи | 12 м | Општина | | | | | |
| | -Дневен центар за душевно болни ремисија | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | | | | | | | | |
| | -мал групен дом | | | 100.000 | 50.000 | 50.000 | | 200.000 |
| | Помош на самохрани родители и други ранливи категории | | | | 50.000 | | | 50.000 |
| | -сервисни служби за домашна нега и помош | | | 100.000 | | | | 100.000 |
| | -трибини за семејно насилство и малолетничка деликвенција | По потреба | | | 10.000 | | | 10.000 |
| | | | | | | | | **410.000** |